ПОЛИО ПЛУС движење против хендикеп
Булевар.АВНОЈ.64 локал 2, 1000 Скопје, Македонија
Тел: +389 (0)2 2400 544; www.polioplus.org.mk; polioplus@polioplus.org.mk
жиро сметка: 300000000697660 - Комерцијална банка А.Д. Скопје

# ГОДИШНА ПРОГРАМА НА

# ПОЛИО ПЛУС ЗА 2024 ГОДИНА

**Скопје, 2023 година**

# Содржина

1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ..... 3
ВИЗИЈА ..... 3
МИСИЈА ..... 3
2. ОЧЕКУВАНИ ПРОМЕНИ ВО КОНТЕКСТОТ ВО 2024 ..... 4
3. ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА ..... 6
4. Целни групи и област ..... 7
5. ПРОГРАМСКИ НАСОКИ И АКТИВНОСТИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ ЗА 2024 ..... 8
5.1. Правна програма ..... 8
5.1.1 Застапување за хармонизирање на законската регулатива со меѓународните норми и стандарди ..... 8
5.1.2 Застапување за донесување ефективна и ефикасна законска регулатива за ефективно политичко учество на заедницата со хендикеп ..... 8
5.1.3 Унапредување на законската регулатива за вработување на лицата со хендикеп ..... 8
5.1.4 Унапредување и следење на законската регулатива и промоција на прашањето на хендикеп на локално ниво ..... 9
5.1.5 Активно учество во работните тела и органи во институциите ..... 9
5.1.6 Поддршка на работата на Интер-партиската парламентарна група (ИППГ) ..... 9
5.2. Програма за независно живеење на заедницата со хендикеп ..... 10
5.2.1 Индивидуална правна помош и совети ..... 10
5.3. Програма за вработување и образование на заедницата со хендикеп ..... 10
5.4. Програма за ѓраѓанско учество ..... 10
5.5. Подигнување на јавната свест ..... 11
6. ФИНАНСИСКИ ПЛАН И РЕСУРСИ ..... 12

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Целосно име** | Полио Плус – движење против хендикеп |
| **Акроним** | Полио+ |
| **Правен статус:** | Здружение на граѓани |
| **Адреса:** | Бул. АВНОЈ, бр.64 локал 2, 1000 Скопје, Македонија |
| **Телефонски број:** | +389 2 2400 544 |
| **Број на факс:** | +389 2 2400 544 |
| **Електронска пошта:** | polioplus@polioplus.org.mk |
| **Интернет страна:** | www.polioplus.org.mk |

### *ВИЗИЈА*

Полио Плус е лидер, активен креатор и носител на суштинските промени за градење на светот како општество во кое сите лица со хендикеп учествуваат целосно, како еднакви граѓани.

Полио Плус, потпирајќи се на индивидуалните вредности, како прилагодлива, истрајна и одржлива организација, а преку искористување на процесите и механизмите на посредната демократија, заедно со другите чинители, го промовира и наметнува пристапот за еднакви можности, кој обезбедува учество на лицата со хендикеп во главните општествени текови.

### *МИСИЈА*

Полио Плус е граѓанска организација на лица со и без хендикеп која работи на суштинско поврзување и целосно остварување на основните човекови права и слободи на лицата со хендикеп.

Нашата мисија е јакнење на самодовербата на лицата со хендикеп и креирање на општество со еднакви можности за сите.

„**Полио Плус не патува сам**“**.** Нашата мисија ја оствaруваме заедно со другите чинители во општеството.

## 2. ОЧЕКУВАНИ ПРОМЕНИ ВО КОНТЕКСТОТ ВО 2024 ГОДИНА

Општествената нестабилност, пропратена со политичката ситуација и пост-пандемијата придонесоа да Р.С. Македонија во 2024 влези во континуирана политичка и економска нестабилност. Од друга страна пак, не може да се очекува развој на политичката состојба поради претстојните избори. Потенцијална политичка стабилност може да се очекува пост-изборно. Сепак, неизвесноста околу политичките процеси, владеењето на правото и политичката и правната одговорност се очекува целосно да го маргинализираат прашањето на хендикепот од главните текови. И покрај обврските од КПЛХ политичките актери и новата Влада се очекува целосно да ги знемарат обврските кои ги имаат кон граѓаните со хендикеп и имајќи ги предвид овие околности може реално да се очекува дека правата на граѓаните со хендикеп ќе се спуштат и воопшто нема да бидат на листата на приоритети на актерите во политиката.

Пандемијата на Ковид-19 е еден од проблемите кој ги одбележа 2021-2022 година, и борбата против истата продолжува и во 2024 година. Пост-КОВИД последиците врз здравствениот систем се далекусежни и токму затоа, остварување на правата на граѓаните со и без хендикеп од здравствена заштита ќе останат главна тема во 2024 година. Во таа линија голем ќе биде предизвикот особено за граѓаните со хендикеп кои при остварување на своите права бараат доследна имплементација на КПЛХ од страна на државата и сите инволвирани актери во оваа област.

Продолжувањето и квалитетот на напредокот на државата во приклучувањето кон ЕУ, најверојатно ќе зависи од надминувањето на политичката криза со Бугарија. Сепак, се очекува на граѓанските организации и општините да им се овозможи поквалитетен и полесен приод до претпристапните (ИПА) и социјалните фондови на ЕУ. Тоа ќе ја нагласи потребата од ново, партнерско дејствување на сите чинители во државата, преку заедничко пристапување кон овие фондови. И во овој предизвик, не се очекува промовирање на КПЛХ како договор кој е клучен за примена на востановување на ЕУ вредностите во востановувањето на политичкиот и инситутционалниот систем на државата. Во самите фонодви, пршањето на сосотјбата на хендикеп е наводно поставено хоризонтално, но истото е изгубено низ останатите „ранливи“ категории и активностите кои се предлегаат најчесто не се во линија со обврските од КПЛХ. Во 2024 година се очекува овој тренд да продолжи.

Што се однесува до процесот на социјалната инклузија еден од големите предизвици кои ќе продолжат во 2024 година е процесот на деинституционализација и востаовувањето на различни сервиси за поддршка на локално ниво. Со оглед на непознавањето на обврските од КПЛХ, овој процес нема да го заземе правиот „пат“ и наместо посакуваната деинситуционализација, ќе има своевидна институционализација.

И покрај тоа што генерално постои општо непознавање на принципот за независно живеење и концептот на персонална асистенција за лицата со хендикеп, отпочнатиот проект за овозможување на сервиси за поддршка на лицата со хендикеп (лична и работна асистенција) треба да ги унапреди процесите на социјална инклузија и независно живеење на лицата со хендикеп. Во таа линија се очекува во 2024 да има застој во процесот на креирање на нови сервиси поради продлабочената економска криза и инфлацијата.

Во поглед на вработувањето и образованието на ранливите групи, согласно препораките и на ЕУ се очекува да се преземат и поконкретни мерки за активно

вклучување на децата со хендикеп во образовниот систем. Воедно, се очекува да се преземат мерки за реафирмирање и редефинирање на политиките за вработување на лицата со хендикеп. Во 2024 година останува актуелно прашањето на донесување на нов Закон за вработување на инвалидни лица, кој се заговара уште од 2022 година, кој треба да го воведе квотниот систем за вклучување на заедницат со хендикеп во јавниот и приватниот сектор и да востанови нов систем на категоризација на заедницата со хендикеп. Со оглед на немањето на политичка решителност а и поради продолжената економска криза со која се соочува државата се очекува овој процес да биде одложен дополнително и во 2024 година.

На локално ниво се очекува поактивно дејствување на локалните единици во однос на прашањето на хендикепот со донесувањето стратешки документи и локални акциони планови за прашањето на хендикеп и востановувањето механизми за нивно ефективно исполнување со поддршка од владата и граѓанските организации, особено по завршувањето на планираните парламентарни избори.

Од аспект на финансирањето на граѓанските организации, тргнувајќи од нашите досегашни сознанија и искуство од минатото, не се очекува Владата да направи промена на системот на финансирање на граѓанските организации на лицата со хендикеп, со што и понатаму ќе мора да се соочуваме со овој проблем и да работиме на надминување на рестриктивниот пристап и нееднаквата распределба.

Во 2024 година ќе се спроведат редовните парламентарни избори. Во поглед на тоа повторно ќе се отворат прашањата за изборниот модел и начинот на организирање на изборите. Паралелно пред државата ќе се најдата предизвиците кои произлегиваат од КПЛХ при што државата ќе треба целосно да го редефинира изборниот законик и релеватните закони во ова олбаст и да пристапи кон нивно целосно усогласување со КПЛХ. Во 2024 се очекува и ДИК да имаат поголема надградба по ова прашање и Владата, но и ДИК, да направи напори за ефектуирање на пресудата потврдена од Апелациониот суд во Скопје за обезбедување на пристапност на избирачките места за лицата со попреченост. .

Телата за имплементација и мониторинг на КПЛХ се очекува да продолжат со спроведувањето на Националната стратегија за лица со попреченост, но и да направат план за нивна надградба и зајакнување на нивните капацитети од аспект на најпрвин разбирање на концептот на хендикеп, а потоа и со самата КПЛХ и концептот на системската дискриминација кон заедницата со хендикеп.

Со отварањето на претпристапните преговори со ЕУ и отварањето на поглавјата 23 и 24 се очекува државата да пристапи и кон целосно реаформирање на законските одредби и нивно усогласување со КПЛХ.

## 3. ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Петте стратешки цели го отцртуваат среднорочното дејствување на Полио Плус. Станува збор за програми чии активности се меѓусебно испреплетени и секоја претставува приказна за себе. Во секоја од своите стратешки цели организацијата води сметка за родовата застапеност на лицата со хендикеп. Во прашање се следните програмски дејствувања:

**Правна програма** – цели насочени кон унапредување на правниот систем, преку хармонизирање на домашното законодавство со меѓународното; креирање на систем на политики и програми на национално и локално ниво; за унапредување на положбата на лицата со хендикеп; зајакнување на капацитетите на ИППГ по прашањето на хендикеп како и почитување и остварување на нивните човекови права во политичкиот, економско-социјалниот и културниот живот. Воедно во ова програма се опфатени и правото за пристап до правдата како и правото за заштита од тортура и насилство, криминал од омраза, како и системската дискриминација кон заедницата со хендикеп.

**Програма за независно живеење на заедницата со хендикеп** – промоција на концептот за независно и достоинствено живеење, како и креирање на сеопфатна кохерентна политика во однос на регулаторните механизми за сервиси за поддршка на лицата со хендикеп. Оваа програма во себе ги вклучува унапредувањето на социјалната сигурност и правото на обезбедување на соодветни помагала, како и хабитацијата и медицинската заштита за лицата со хендикеп.

**Програма за вработување и образование на лицата со хендикеп** – унапредување на положбата на лицата со хендикеп на пазарот на трудот и нивно активно учество во економската политика во Македонија, како и признавање на вредностите на лицата со хендикеп на пазарот на трудот. Затоа што не постои достоинствено вработување без соодветно образование, оваа програма го вклучува и унапредувањето на редовниот образовен систем со цел инклузивно образование под еднакви услови за децата и лицата со хендикеп.

**Граѓанска програма.** Целта на оваа програма е да придонесе во намалувањето на дискриминацијата кон лицата со хендикеп, преку поврзување и вмрежување со други чинители и актери од општеството, како и промоција на потребата од вклучување на прашањето на хендикепот во главните текови (mainstreaming), но и имплементирање на активности и програми во јавниот, политичкиот, приватниот и граѓанскиот сектор.

**Подигнување на јавната свест** за прашањето на хендикеп и сите општествени сегменти на живеење е клучот кон надминување на стигмата и стереотипите рапространети во општеството. Ова се збир на активности кои хоризонтално се вградени во сите четири програми и моделирани на начин да пружат соодветна поддршка на истите, согласно конкретните активности. Истовремено ќе се работи и на зајакнување на капацитетите и вклучување преку lessons learnt со другите организации кои работат на други теми и кои пројавуваат интерес за создавање на други ИППГ по примерот на ИППГ за прашањето на хендикеп на Полио плус.

Во 2024 година, Полио Плус ќе се насочи кон унапредување на положбата на лицата со хендикеп со отпочнување дејствија за спроведување нови иновативни акции кои ќе придонесат во кохезионото дејствување на сите општествени чинители, за активно вклучување на лицата со хендикеп во општествените текови и унапредувње на законската инфраструктура и практики согласно КПЛХ.

Со оглед на новите очекувања, во 2024 година програмските активности од оваа годишна програма ќе бидат насочени кон остварување на следните цели:

- Унапредување на законската регулатива за прашањето на хендикеп, на национално и локално ниво, согласно ООН Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп;
- Поддржување на процесот за евроинтеграција;
- Подигнување на капацитетот на различни актери на национално и на локално ниво за активно вклучување на лицата со хендикеп во политичките текови и нивно зголемено политички учество,
- Формирање на нова ИППГ и подигнување и зајакнување на капацитетите на нејзините членови;
- Следење на еднаквиот пристап, недискриминацијата и ефикасноста во обезбедувањето на услугите за лицата со хендикеп на национално и локално ниво;
- Зголемена активност на организациите на лица со хендикеп на локално ниво вклучително и изработка на родово сензитивни политики преку анализа и соработка со други граѓански организации;
- Константно влијание врз *ad hoc* работните тела и органи во институциите, на национално и локално ниво вклучително и работа на зголемување на нивниот интегритет и отчетност како и добро управување, но и намалување на корупцијата;
- Подигнување на јавната свест по специфични прашања на феноменот хендикеп, самостојно и интерсекциски;
- Работење со единиците на локалната самоуправа за вклучување на интерсекцискиот пристап во нивните програми за работа, политики и буџети, посебно каде хендикепот се вкрстува со полот, родот, возраста, резиденцијалниот статус (урбано/рурално) и етничката припадност;
- Унапредување на законската рамка за унапредување на правата за политичко учество на заедницата со хендикеп.

## 4. Целни групи и област

Имајќи предвид дека прашањето на хендикепот е хоризонтално и интерсекциско, со што организацијата во својата целна група ги опфаќа и лицата со хендикеп од етнички и верски заедници; жени и девојки со хендикеп; деца и млади со хендикеп; лицата кои се сместени во институциите, лицата со различна сексуална ориентација итн. Во таа насока целната група на П+ се лицаат со хендикеп согласно член 1 од КПЛХ.

Целно подрачје на делување на Полио Плус е на национално и локално ниво, како и на регионално и меѓународно ниво.

## 5. ПРОГРАМСКИ НАСОКИ И АКТИВНОСТИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ ЗА 2024

Согласно дефинираната стратегија, Полио Плус дејствува во четири програмски насоки, за да се овозможи поголема ефективност и ефикасност во остварувањето на мисијата и визијата.

### *5.1. Правна програма*

Општата цел на програмата е да се придонесе во унапредувањето на правната рамка, поврзана со прашањата кои ги засегаат лицата со хендикеп во Северна Македонија, во насока на нејзино усогласување со меѓународните стандарди и норми, и законодавството во ЕУ. Во таа линија во 2024 година се очекува да се изготват и промовираат законски (правни) решенија и предлози, што ќе го поддржат зајакнувањето и унапредувањето на остварувањето на човековите и граѓанските права и слободи на лицата со хендикеп соигласно обврските од КПЛХ. Активностите се планира да се спроведуваат на локално и национално ниво.

#### 5.1.1 Застапување за хармонизирање на законската регулатива со меѓународните норми и стандарди

Во рамките на оваа насока ќе бидат преземени активности за промоција и укажување на значењето на Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп и нејзиниот Факултативен протокол. Со нејзиното ратификување, државата стана правно обврзана лицата со хендикеп да ги третира како рамноправни субјекти. За побрзо дејствување и промоција на Конвенцијата, Полио Плус и натаму активно ќе лобира и ќе делува на сите нивоа. Во 2024 година Полио Плус ќе преземе активности за нејзина промоција на различни нивоа и со различни актери.

#### 5.1.2 Застапување за донесување ефективна и ефикасна законска регулатива за ефективно политичко учество на заедницата со хендикеп

Со оглед на тоа што во 2024 година државата ќе спроведува парламентарни избори и ќе работи на измени на Изборниот Закон, Полио Плус ќе дејствува са истиот биде усогласен со обврските од КПЛХ. Дополнително, Полио Плус ќе влијае изборниот процес да биде што е можно пристапен за заедницата со хендикеп. Преку соработка со политичките партии ќе настојува да на претстојните парламентарни избори бидат вклучени што е можно поглем број на лица со хендикеп. Ќе изработува правни анализи, анализи за хармонизација на законодавството согласно член 29 од КПЛХ, кои ќе бидат достапни и во лесно разбирлив формат.

#### 5.1.3 Унапредување на законската регулатива за вработување на лицата со хендикеп

Економската политика во државата не располага со соодветна легислатива која на граѓаните со хендикеп би им овозможила активно да учествуваат на пазарат на трудот, на еднаква основа со другите. Во 2024 година се очекува да биде се продолжи со лобирање за усвојување на нов Закон за вработување на лица со хендикеп, кој треба да го отвори пазарот на трудот за лицата со хендикеп преку воспоставување на квотен систем за нивно вработување во приватниот и јавниот сектор. Со оглед на новите предизвици во економијата на државта Полио Плус и во 2024 година ќе продолжи да влијае и притиска за негово усвојување и стапување на сила.

### 5.1.4 Унапредување и следење на законската регулатива и промоција на прашањето на хендикеп на локално ниво

Локалните заедници се повеќе, во рамките на својата надлежност, преземаат поголема одговорност за решавање на голем број прашања кои директно ги засегаат самите граѓани. Едно од прашањата со кои новите локални единици ќе се соочуваат е воспоставувањето комуникација со граѓаните со хендикеп, како и примена на КПЛХ на локално ниво, во насока на креирање ефикасна и ефективна улога на локалната власт во промоцијата на еднаквите можности на лицата со хендикеп. Дополнително, во 2024 година, ќе се работи со единиците на локалната самоуправа за вклучување на интерсекцискиот пристап во нивните програми за работа, политики и буџети, посебно каде хендикепот се вкрстува со полот, родот, возраста, резиденцијалниот статус (урбано/рурално) и етничката припадност, но и ќе се поддржат мали организации на лица со хендикеп да вршат мониторинг на спроведувањето на ваквите политики во најмалку 17 општини во државата.

### 5.1.5 Активно учество во работните тела и органи во институциите

Во 2024 година Полио Плус активно ќе се вклучи во работни групи во државните институции кои работат на полето на човековите права. Паралелно ќе ја следиме работата и на другите чинители, (какви што се собраниските комисии, владините тела, ад-хок работните групи и слично) и по потреба ќе се вклучуваме и во нивната работа. Ова ќе вклучува и работа на зголемување на нивниот интегритет и отчетност како и добро управување, но и намалување на корупцијата;

### 5.1.6 Поддршка на работата на Интер-партиската парламентарна група (ИППГ)

Полио Плус, како иницијатор на основањето на групата, ќе ја продолжи поддршката на нејзиното работење, како нејзин технички комитет, и во текот на 2024 година, по завршувањето на редовните парламентарни избори, ќе предложи формирање на нова ИППГ и нејзино градење на капацитетите.

Тековната ситуација ни наметна потреба од формирање на нова ИППГ, за во текот на следната година да бидат преземени чекори за донесување нов ГАП. Дополнително, ќе се спроведат обуки за членовите на ИППГ и членовите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, бидејќи повеќето од нив се нови во оваа област и им треба дополнителна едукација за да можат хендикепот да го сфатат како прашање на човекови права и да дејствуваат во согласност со таквиот пристап.

Ќе се реализираат работни средби со парламентарните групи со цел унапредување на законската рамка како и средби на севкупниот нов состав на ИППГ. Темите за дискусија ќе бидат избрани во зависност од актуелните потреби во моментот на одржување на средбите.

### 5.1.7 Поддршка на механизмите за заштита на човековите права

Во 2024 година Полио Плус ќе работи заедно со механизмите за заштита на човековите права (Народен Правобранител, Мониторинг телото за имплемнтација на КПЛХ и Комисијата за спречување и заштита од диксирминација) Со овие тела, Полио Плус има склучено меорандум за соработка. Во 2024 година се очекува да се продлабочи заедничката соработка и заеднички да се пристапи кон подигнување на

јавната свест по ова прашање, како и да се покрната неколку претставки со кои ќе се алрмира државата за неопходноста од ефективно и доследно спроведување на КПЛХ.

### *5.2. Програма за независно живеење на заедницата со хендикеп*

За да се овозможи креирање на поефикасна и поефективна социјална политика, преку имплементирање на различни проекти и програми, Полио Плус во 2024 година планира да преземе активности за подигнување на капацитетот на локалните единици и на граѓанските организации за спроведување на различни сервиси и услуги од социјалната политика. Паралелно ќе се пристапи кон градење социјално партнерство помеѓу ранливите групи и бизнис секторот, промовирајќи ги нивните сервиси/услуги за лицата со хендикеп а воедно и да придонесе во подигнувањето на свеста на бизнис заедницата во државата. Во оваа област оргнизацијата нема обезбедено средства.

### 5.2.1 Индивидуална правна помош и совети

Полио Плус ќе продолжи со досегашната практика на обезбедување индивидуална правна помош и совети на граѓаните со хендикеп и нивните семејства. Според досегашното искуство, во најголемиот број случаи станува збор за остварување на различни права од сферата на социјалната заштита, помош при склучување или раскинување договори за работа, обезбедување информации за надлежностите на јавните установи и сл. Можноста за лобирање и алармирање за индивидуални случаи на сторени неправди и повреди на правата на поединци со хендикеп, иако не ги решава проблемите суштински и системски, сепак е добредојдена за лицата соочени со проблемите што ги носи хендикепот.

### *5.3. Програма за вработување и образование на заедницата со хендикеп*

Со оглед на најавите за носење на нов Закон за вработување на лица со хендикеп и воведување на квотен систем за вработување на лицата со хендикеп во јавниот и приватниот сектор, Полио Плус активно ќе земе учество ако работните групи се ревитализираат. Дополнително доколку се обезбедат средства ќе работи на едукација на лицата со хендикеп како да го остварат своето право но, и да го подигнат капацитетите на бизнис заедницата како да ги вработата лицата со хендикеп и како ефикасно да го применат концепто на соодветно врбаотување.

Во поглед на образованието, во 2024 година се очекува да државата започне со измена на Законот за основното образование и донесување на нов Закон за средно образование. Полио Плус ќе земе активно учество во работните групи и промоврање на обврските од член 24 од КПЛХ и усогласување на новите законски решеија со КПЛХ. Паралелно, Полио плус ќе ги охрабрува лицата со хендикеп, да завршат и осново и средно образование, преку правни совети, како и совети за подигнување на нивната самодоверба.

### *5.4. Програма за ѓраѓанско учество*

Во рамките на оваа програма, Полио Плус ќе продолжи активно да учествува во работата на повеќе национални и меѓународни мрежи, сојузи и коалиции. Полио Плус ќе продолжи да има активна улога во следниве асоцијации:

- Меѓународна асоцијација на лицата со хендикеп (Disabled People International – DPI)
- Европска мрежа за независно живеење на лицата со хендкеп (ЕНИЛ)

- Балканска мрежа на органиации на лица со хендикеп (БИДФ).

Секако оваа листа не е исклучива и конечна. На национално ниво треба да се зголеми координацијата на организациите на лица со хендикеп. Во оваа година фокусот ќе биде насочен кон обновување на соработката, и зајакнување на мрежата на балканските организации на лица со хендикеп заради размена на искуствата што произлегува од блискоста на локалните правни системи, реформските процеси и наследените проблеми од минатиот систем.

Полио Плус јасно ја согледува потребата и ќе остане посветен на градењето консензус и „минимум согласност" за заеднички настап, за клучните насоки и прашањата од заеднички интерес за сите граѓански организации на (и за) лицата со хендикеп.

Паралелно Полио Плус ќе ја продлабочи соработката со други национални ГОи, во насока на обезбедување поголема видливост на прашањето на хендикеп.

### ***5.5. Подигнување на јавната свест***

Полио Плус ќе продолжи да го гради својот имиџ на препознатлива организација со висок степен на кредибилитет во јавноста, и да го задржи високиот рејтинг и индексот на доверба во организацијата кај пошироката јавност.

Ќе биде надградена соработката со националните и локалните медиуми во насока на информирање на јавноста за активностите, залагањата и постигнувањата на Полио Плус.

Организацијата континуирано ќе ги обновува содржините на интернет страните на Полио Плус. За објавување информации поврзани со програмските активности, Полио Плус, исто така, ќе ги користи современите интернетски форми на комуникација што ги обезбедуваат веб-порталите и социјалните мрежи какви што се: Facebook, YouTube итн.

Од аспект на видливоста и подигнувањето на јавната свест (како cross cutting активности), преку имплементирани кампањи, изработени промотивни материјали, едукативни ТВ спотови, но и документарни филмови за различни аспекти на прашањето на хендикеп (исклучиво како прашање на човекови права), извршена е промена на концептот, поимањето и гледањето на прашањето на хендикеп од милосрден/медицинско/дефектолошки, кон концептот на човекови права.

## 6. ФИНАНСИСКИ ПЛАН И РЕСУРСИ

Планираните финансиски средства за 2024 година се во износ од **2.843.462.00.** Финансискиот план на Полио Плус е одраз на минималното сценарио во поглед на буџетот и обемот на работа и претставува груба скица на очекувањата на организацијата во однос на расходите во 202д4 година, врз основа на досегашното искуство.

При планирањето на трошоците за работење на Полио Плус за 2024 година, беа земени предвид квалитетното, ефикасно и континуирано извршување на активностите, со рационално трошење на средствата, а врз основа на остварените трошоци во претходниот период, сообразени со обемот на предвидените неопходни активности и потреби за 2024 година.

Организациската самоодржливост е често неизвесна. Во текот на 2024 година, Полио Плус ќе ги интензивира напорите за диверзификација на изворите на средства.

Организацијата ќе продолжи да влијае кај надлежните институции за воспоставување транспарентни правила и критериуми за распределба на средствата од државниот лотариски фонд на граѓанските организации, активни на полето на состојбата на хендикеп. Ќе се стави акцент врз воспоставувањето соработка со општините, државните институции и граѓанските организации, поради обезбедување поддршка а заради заедничко аплицирање на повиците за предлог-проекти во рамките на европските и други меѓународни фондови.

Дополнително, а со цел ефикасно раководење на аспектите на дејствување и спроведување на предвидените активности, планираме да ја модернизираме опремата, но и да ја зголемиме нашата застапеност и репрезентативност преку интернет страната и социјалните мрежи.

**Скопје, 03.01.2024 година**
**Арх.број: 06-01/1**

**Сергеј Шавревски**
**Претседател**
**Полио Плус**
**движење против хендикеп**